**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ОСМАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 30.01.2024 година

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и осмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.01.2024 година**

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, Секретарот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 24.01.2023 година **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-410/2 од 29.01.2024 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**19.** Предлог - Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Град Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "19"** беше усвоен со **18 гласа "ЗА"** и **3 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "19" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја, бр.09-412/2 од 29.01.2024 година, претставникот на предлагачот од општинската администрација, точките "15", "17" и "18" **ги симна** од предложениот дневен ред.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "15", "17" и "18" се симнати од предложениот дневен ред, а точките "16" и "19" ќе се разгледуваат како точки "15" и "16".

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2024 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2024 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2024 година;
5. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;
6. Предлог - Одлука за примање на донација од "Макстил" АД Скопје;
7. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Белавода", "Ќумче" и "Човек", за водоснабдителен систем во населено место Булачани;
8. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворот "Врело", за водоснабдителен систем во населено место Виниче;
9. Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Река", "Висока чешма", "Студена чешма" и "Пештани", за водоснабдителен систем во населено место Раштак;
10. Предлог - Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори за 2024 година;
11. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди;
12. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба;
13. Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба;

14. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;
15. Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје (плоча) на Вера Јоциќ 1923-1944, Народен херој на Македонија, убиена од бугарските фашисти; и
16. Предлог - Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Град Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со дополнувањето) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2024 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2024 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2024 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од "Макстил" АД Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од "Макстил" АД Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Белавода", "Ќумче" и "Човек", за водоснабдителен систем во населено место Булачани.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Белавода", "Ќумче" и "Човек", за водоснабдителен систем во населено место Булачани, со **22 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворот "Врело", за водоснабдителен систем во населено место Виниче.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворот "Врело", за водоснабдителен систем во населено место Виниче, со **21 глас "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Река", "Висока чешма", "Студена чешма" и "Пештани", за водоснабдителен систем во населено место Раштак.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на изворите "Река", "Висока чешма", "Студена чешма" и "Пештани", за водоснабдителен систем во населено место Раштак, со **21 глас "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори за 2024 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансиска поддршка за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансиска поддршка за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Марија Ѓошевска (Левица) и Секретарот на Општина Гази Баба - Невенка Стаменковска Стојковски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА" и 2 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје (плоча) на Вера Јоциќ 1923-1944, Народен херој на Македонија, убиена од бугарските фашисти.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за подигање на спомен - обележје (плоча) на Вера Јоциќ 1923-1944, Народен херој на Македонија, убиена од бугарските фашисти, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Град Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Влатко Ристовски (Левица) и Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), како и Секретарот на Општина Гази Баба - Невенка Стаменковска Стојковски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Град Скопје, со **15 гласа "ЗА", 5 гласа "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12** часот.

**Број 09-1072/2**
**од 16 февруари 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот